Annual School Report
Frequently Asked Questions

# Годишен школски извештај Често поставувани прашања

## Што е годишен школски извештај?

Годишниот школски извештај претставува евиденција за процесот на самооценување на училиштето. Процесот се изведува еднаш годишно и е дел од постојаниот циклус на планирање и оценување на училиштето.

Годишниот школски извештај и нуди на школската заедница информации за постигнувањата на училиштето во националните и државните програми за проверка. Тој исто така содржи информации за контекстот во кој тие информации треба да се разгледуваат.

Околу 2250 училишта и образовни центри подготвуваат Годишен школски извештај според упатствата кои ги утврдува NSW Department of Education and Training (DET), Управа за образовни мерила и одговорност на училиштата (Educational Measurement and School Accountability Directorate).

## Која е намената на Годишниот школски извештај?

Годишниот школски извештај е важен дел од барањата за одговорност на училишето кон родителите и заедницата, кон NSW Department of Education and Training (DET) и Одделот за образование, вработување и работни односи (Department of Education, Employment and Workplace Relations) (DEEWR) на сојузната влада.

## Кои се задолжителните барања за известување кои се однесуваат на Годишните школски извештаи?

Задолжителните елементи за кои училиштата се обврзани да поднесуваат извештај пошироко ги опфаќаат следните работи:

- податоци за потеклото на персоналот и учениците
- успехот што го постигнуваат учениците
- самооценување на училиштето
- цели за подобрување.

## Кој е одговорен за подготвување на Годишни школски извештаи?

Годишниот школски извештај го подготвува школскиот одбор за самооценување. Одборот го сочинуваат претставници на заедницата и родителите, наставници и членови од управата под раководство на директорот.

## Дали сите училишта се обврзани да подготвуваат Годишен школски извештај?

Да. Сите државни училишта во Нов Јужен Велс се обврзани да подготвуваат Годишен школски извештај од 1997.

## Какви информации можам да очекувам да прочитам во Годишниот школски извештај?

Годишниот школски извештај вклучува информации за:

- краток преглед на податоци за персоналот и учениците
- резултатите кои ги постигнале учениците на тестовите на национално и државно ниво, во основните и средните училишта
- постигнувањата на учениците во областа на уметност и спорт
- информации за значајни програми и иницијативи кои ги нуди училиштето
- самооценување на училиштето во врска со работата и напредување при постигнување на целите; и
- цели за подобрување во претстојната година.

## Што е Група на слични училишта (Like School Group) (LSG)?

Like School Group е група на училишта кои се слични врз основа на два општествени фактори и тоа:

- просечниот социјално-економски статус на школската заедница (социјално-економскиот статус е мерило кое се пресметува секоја школска година за да ги одразува измените во тенденциите на запишување на ученици)
- географска изолираност.

Сите основни, средни и централни училишта, со исклучок на селективните училишта, се распределени во една од девете Like School Groups. За селективните училишта е формирана дополнителна Like School Group.

Училиштата може да изберат да известуваат за нивните постигнувања во работата во Годишниот школски извештај во однос на училиштата во нивната Like School Group (LSG).

Известувањето за постигнувањата во работата на училиштето во споредба со училиштата во Like School Group не е задолжително. Училиштата може да изберат да ги објават овие податоци за да покажат какви резултати тие постигнале при проценките на државно ниво во споредба со другите училишта од истата Like School Group. Ова некогаш може да биде повеќе информативно отколку споредувањето на резултатите на училиштето со државните просечни резултати.

## Дали барањата за извесување за малите училишта се исти како и за големите училишта?

За малите училишта или малите групи на ученици, известувањето на податоци мора да се изведува во согласност со начелата за доверливост и лични податоци. Не смее да се користат кратки прегледи на статистички податоци или графичко прикажување на резултатите кои ги постигнале учениците за групи со помалку од 10 ученици кои посетуваат настава по ист предмет. Кога има помалку од 10 ученици, училиштата ќе известуваат за резултатите само описно и ќе обрнат соодветно внимание за да обезбедат податоците на сите ученици да останат во доверливост.

## Кои се незадолжителните барања за известување?

Училиштата имаат избор да вклучат податоци во врска со признание на извонредни резлутати кои учениците ги постигнале во областа на уметност, спорт, државјанство и било која друга област соодветна за нивното училиште.

Исто така може да се вклучат информации во скратена форма за други програми кои ги нуди училиштето, на пример, за социјална грижа за учениците, информативна и комуникациска технологија, настава за зачувување на природната средина и програми за ученици со дополнителни потреби.

## Кога треба да очекувам да добијам примерок од Годишниот школски извештај за училиштето во кое моето дете посетува настава?

Училиштата обично ги подготвуваат Годишните школски извештаи во текот на 1то и 2то тримесечје во следната година. Училиштата се обврзани да ги раздадат Годишните школски извештаи до 30ти јуни секоја година.

## Како можам да добијам примерок од Годишниот школски извештај за училиштето во кое моето дете посетува настава?

Училиштата ќе им дадат извештај во печатена форма на секое семејство со деца во училиштето. Многу училишта избираат да понудат електронски пристап до Годишниот школски извештај со тоа што ќе го стават на Интернет страните на училиштето. За повеќе информации како да добиете примерок, ве молиме контактирајте го училиштето на вашето дете или Educational Measurement and School Accountability Directorate на 9707 6217.

## Телефонска преведувачка служба

Ако ви треба преведувач за да ви помогне да го контактирате училиштето на вашето дете или Educational Measurement and School Accountability Directorate, ве молиме телефонирајте во Телефонската преведувачка служба на 131 450 и побарајте преведувач на вашиот јазик. Преведувачот ќе телефонира во училиштето или Directorate и ќе остане на линија за да ви помогне при разговорот. За оваа услуга нема да ви наплатат.

NEW SOUTH WALES
DEPARTMENT
OF EDUCATION
AND TRAINING